***ООУ „ПЕТАР МУСЕВ“ - БОГДАНЦИ***

ул.„Крушевска“ бр.64, тел./факс +389 34 221 034 e-mail: petarmusev@yahoo.com

*Наш број* *година* *Ваш број*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ„ПЕТАР МУСЕВ“ - БОГДАНЦИ ВО УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА




**Јули 2025**

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работата и постигнатите резултати на ООУ„Петар Мусев“- Богданци во учебната 2024/25 година

Содржина на извештајот:


Вовед

1. Број на паралелки, ученици и услови за работа
2. Подготвеност на училиштето за работа во учебната 2024/25година
   2.1. Материјално-техничка подготвеност
   2.2.Подготвеност на училиштето за воспитно-образовна работа
3. Планирање, реализација и унапредување на воспитно образовната работа
   3.1. Планирани и реализирани часови за учебната 2024/25година
4. Професионален развој
   4.1 Професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар
5. Планирање и реализација на дејноста на стручните органи и тела, стручните соработници и директорот
6. Успехот на учениците во учебната 2024/25 год.
7. Ученички натпревари
8. Наставни екскурзии
9. Грижа за здравјето на учениците
10. Инклузија на деца со посебни образовни потреби
11. Воннаставни воспитно образовни активности
12. Антикорупциска едукација на учениците во основното образование
13. Учество на учениците во Ученички парламент
14. Ученички правобранител
15. Редовност на учениците
16. Поведение и изречени педагошки мерки
17. Соработка со родителите/ старателите
18. Соработка со други институции
19. Педагошка евиденција и документација
20. Заклучоци и предлог мерки

Прилог 1: Извештај од реализирани натпревари во учебната 2024/25 година;
Прилог 2: Извештај од наставни екскурзии реализирани во учебната 2024.25 година
Прилог 3; Годишен извештај за работата на Инклузивниот тим во ООУ „ Петар Мусев“ Богданци во учебната 2024/25година

## Вовед

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Извештајот има за цел јасно да ги отслика и презентира состојбите во врска со остварувањето на програмските определби предвидени во Годишната програма за работа на училиштето во текот на учебната 2024/25 година. Поаѓајки од ова, како и од значењето на функцијата што ја остварува училиштето, наодите од Годишниот извештај ќе послужат како поттик за нивно анализирање од страна на вработените, стручните активи, органите во училиштето, а резултатите од тоа ќе се искористат за уредување на одредени мерки кои ќе придонесат за подобрување на состојбата и унапредување на дејноста на училиштето.

Појдовни основи за изработка на Извештајот се:

- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/25 година;
- План за развој на училиштето;
- Документи за реализација на програмите, работата на раководниот кадар, стручните тела и органи и стручната служба;
- Педагошката евиденција и документацијата за реализација на плановите и програмите, вонаставната и другата стручна и педагошка дејност;
- Статистички табеларни прегледи и извештаи;
- Тезите за изготвување на Годишен извештај од БРО на РСМ;
- Законот за основно образование/ правилници / концепции;
- Законот за наставници и стручни соработници во основното образование;
- Законот за работни односи;
- План и програми за воспитно образовната дејност;
- Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование;
- Календарот  за организација на работата во учебната 2024/25 година(Службен весник на РСМ, бр. 164 од 8.8.2024 година);
- Статутот на училиштето

Извештајот се состои од два дела:

- Основен текст (текстуален) со констатации и компаративни анализи на успехот со минатата учебна година  за истиот период;
- Статистички дел (табеларен)

## Број на паралелки, ученици и услови за работа

ООУ„Петар Мусев“ е основно деветгодишно училиште од развиен тип со 22 паралелки од I - IX одделение (со двете во подрачното училиште).

Од I - V одделение има 12 паралелки (со 2 подрачни), а од VI-IX одделение има 10 паралелки.

На почетокот од учебната година бројот на учениците изнесуваше 417. Во текот на учебната година испишани се 3 ученика, а придошле 2 ученика. На крајот од учебната година бројот на ученици изнесува 416 од кои машки 193, а женски 223.

**Преглед на бројот на ученици според пол и етничка припадност**

| Одд. | Македонци | | | Турци | | | Други | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **се** | **м** | **ж** | **се** | **м** | **ж** | **се** | **м** | **ж** | **се** |
| I | 27 | 25 | 52 | | | | | | | 27 | 25 | 52 |
| II | 16 | 24 | 40 | | | | | | | 16 | 24 | 40 |
| III | 19 | 22 | 41 | | | | | | | 19 | 22 | 41 |
| IV | 21 | 27 | 48 | / | 2 | 2 | | | | 21 | 29 | 50 |
| V | 22 | 23 | 45 | | 1 | 1 | | | | 22 | 24 | 46 |
| VI | 24 | 26 | 50 | | 3 | 3 | | | | 24 | 29 | 53 |
| VII | 20 | 17 | 37 | / | / | / | | | | 20 | 17 | 37 |
| VIII | 13 | 15 | 28 | 1 | / | 1 | | | | 14 | 15 | 29 |
| IX | 21 | 22 | 43 | / | / | / | | | | 21 | 22 | 43 |
| ПУ-Ѓавото | 9 | 15 | 24 | / | 1 | 1 | | | | 9 | 16 | 25 |
| Вкупно | **192** | **216** | **408** | **1** | **7** | **8** | | | | **193** | **223** | **416** |
| Процентуална застапеност | **98, 1 %** | | | **1, 9%** | | | | | | **100 %** | | |

Семејни услови: Со два родители - 391 ученика, со еден родител (разведени родители) -18 и со починат родител 7 ученика.

Националниот состав на учениците е следен: Македонци - 408, Турци - 8

Во споредба со минатата учебна година, бројот е зголемен за 9 ученика.

Училиштето опфаќа ученици од Богданци и с. Ѓавото и населба Трнка. До училиштето патуваат 8 ученика, од Ѓавото до Богданции 1 ученик од населба Трнка до Ѓавото..

Превозот е обезбеден од МОН на РСМ.

- Наставата се изведува во 10 специјализирани училници за одделенска настава, 10 кабинети за предметна настава и 1 адаптирана просторија во подрумскиот дел за реализација на настава по ФЗО. Во подрачното училиште наставата се изведува во 3 училници, од кои 2 за одделенска и 1 за предметна настава од I-V одделение.

## 2. Подготвеност на училиштето за работа

### 2.1 Материјално-техничка подготвеност

Во текот на учебната 2024/25 година, направени се следните материјално-технички подготовки:

- Релоцирана и обновена е сензорната соба во подрумскиот дел на училиштето;
- Купени се наставни помагала за потребите на училиштето;
- Купена е нова пумпа за вода за системот за парно греење;
- Купени се 2 Ровус џогери за потребите на училиштето;
- Купени се 2 принтера (Kyocera FS-1125 MFP и KyoceraEcosys PA 3500A4 color) за потребите на училиштето;
- Купени се 10 лап топ компјутери Notebook HP250 G 10 3-131515.6“ 8GB Wi за потребите на училиштето;
- Купени се 2 интерактивни табли, 3 LCD проектори со држачи за проектор за потребите на училиштето;
- Купени се 27 училишни клупи, 53 училишни столчиња и 10 училишни табли за потребите на училиштето;
- Купена е трактор косилка Villager VT 845 за потребите на училиштето;
- Изработен е епоксиден под во 1 училница на 1 кат во училиштето;
- Библиотечниот фонд е збогатен со 49 книги и 43 наставни помагала;
- На почетокот на учебната година и на почетокот на второто полугодие извршена е дезинфекција и дератизација на целиот училишен простор;
- Хигиената редовно се одржува со употреба на дезинфекциони средства;
- Училиштето нема фискултурна сала и часовите по физичко образование се реализираат во адаптирана просторија во подрумскиот дел кога временските услови не овозможуваат работа на спортските терени;
- Училиштето има сопствен видео надзор и физичко лице за патролно обезбедување во вечерните часови кој помага за следење на однесувањето на учениците;
- Во рамки на Елаборатот за Заштита и спасување училиштето има планови по ламели за евакуација во случај на опасност;
- Сеуште не е решен проблемот со прокиснување на кровот на училиштето после реновирање во 2021, подовите се лизгави и небезбедни по дожд, се користат

импровизации за собирање вода по ходниците и училниците. Постои влага и мувла во поголем број простории во училиштето. Поради физичката и здравствената небезбедност на сите присутни во училиштето и докази од ИЗИИС за небезбедноста, со Одлука на Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители и поддршка од Совет на Општина Богданци, Градоначалникот на Општина Богданци и ДПИ, на 26.03.2025 година, наставата продолжи да се изведува во зградата на СОУ„Богданци“ Богданци.

Просторните услови во зградата на СОУ„Богданци“ Богданци и времето на започнувањето на часовите (14 часот) имаа негативно влијание на квалитетот на реализација на наставата. (Констатацијата е извлечена врз основа на искажувањата на наставниците и родителите).

Отворени проблеми кои бараат решение:

- Значително прокиснување на кровот
- Замена на подовите;
- Целосно реновирање на фасадата;
- Изградба на фискултурна сала;

## 2.2 Подготвеност на училиштето за воспитно образовна работа

- Пред почетокот на учебната година беа извршени сите подготовки за непречена реализација на воспитно-образовната работа и беше изготвен план за организација и хигиена на просторот во училиштето (влегување и излегување од училиштето, чистење, дезинфекција и проветрување на просторот).
- Имаше кадровски промени, поради боледување на наставникот по граѓанско образование вработен е нов наставник на замена. Од страна на ресурсниот центар при ПОУ „Климент Охридски“-Ново село ангажирани се 4 образовни асистенти заради давање поддршка на учениците со попреченост во согласност со нивните индивидуални потреби, со цел да им се овозможи учество во образовниот процес;
- Од страна на Државен санитарен и здравствен инспекторат беа извршени 3 инспекциски надзори.
- На почетокот од учебната година беше утврден бројот на паралелките, фондот на часови за наставниците, дополнителните одговорности и задолженија на наставниците и беа формирани стручните активи и тимови за интерни и екстерни проекти;
- Распоредот на часови беше навреме подготвен;
- Годишните глобални и тематски планирања од поголем број наставници беа доставени во утврдениот термин;
- Годишната програма за работа, беше доставена до Општината – Богданци, БРО и ДПИ, согласно Законските нормативи;
- Воспитно образовниот процес се реализираше согласно Календарот за организација и работа на училиштата согласно Наставниот план за учебната 2024/2025 година;
- Наставата во прво,второ,трето,четврто, петто одделение и шесто одделение се реализира согласно новата Концепција за основно образование;

- Учебната година започна на 02.09.2024 година. Наставата се реализира со физичко присуство. Времетраењето на часот е 40 минути;
- Прв задолжителен странски јазик е англискиот и се изучува од I до IX одделение, а францускиот јазик е втор задолжителен јазик од VI – IX одделение;
- Согласно наставниот план за работа по предметот физичко и здравствено образование, наставата во учебната 2024/25 година се одвива во тандем со одделенските наставници од прво, второ, трето, четврто и петто одделение, заедно со предметниот наставник по физичко и здравствено образование;
- На крајот на учебната година учениците добиваат анкетен лист за избирање на еден изборен предмет кој ќе го изучуваат наредната учебна година задолжително. Според изборот на учениците се формираа групите. Изборни предмети оваа учебна година беа Вештини на живеењево VIII и Проекти од информатика во IX одделение.
- Согласно новата Концепција за основно образование на учениците од четврто, петто, шесто и седмо одделение им се понуди да изберат еден од четирите категории слободни изборни предмети, (1) изборни предмети за проширување на знаењата од задолжителните наставни предмети, (2) изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети, (3) изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, (4) изборни предмети од спортско рекреативен карактер.Анкетата беше спроведена во вид на прашалник за пројавување првичен интерес и согласно резултатите од анкетата во нашето училиште се формираа листите на слободни изборни предмети и за истите наставниците подготвија програми. Во учебната 2024/25 во IV одделение беа реализиран изборните предмети „Фудбал“во првото полугодие и „Сликање и цртање“ во второто полугодие,во V одделение изборниот предмет „Соло пеење“ во првото полугодие и „Народно музичко творештво во второто полугодие. Во VI одделение беа реализирани 3 изборни предмети „Етика на религиите“, „Религиите во светот“ и „Религиозно и културно наследство“, а во VII беа реализирани изборните предмети „Живите организми и животната средина“ и „Лековити и 750ром. растенија“.

  Во прво, второ и трето одделение слободните изборни предмети се реализираа во вид на слободни активности кои се организираа во рамки на паралелката во вид на работа во групи или со целата паралелка. Слободните активности се организираа според искажаниот интерес на мнозинството ученици во паралелката;
- Училиштето реализира проширена програма за учениците од прво до трето одделение согласно законската регулатива;
- **Дополнителната настава** во текот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година се реализираше за учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, ученици кои побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините. На почетокот на учебната година се изготви распоред за дополнителна настава, а реализацијата се евидентираше во е-дневникот.
- **Додатна настава** се реализираше за учениците кои покажуваа особен интерес за одреден предмет со цел проширување, систематизирање и збогатување на знаењата и поттикнување на нивните интереси и способности. Преку додатната настава учениците се подготвуваа за општински, регионални, републички и меѓународни натпревари.

Додатната настава по правило се организираше, паралелно со редовната настава по часовите.Реализацијата на додатна настава се евидентира во евиденција на додатна во е-дневникот.

- Училиштето има програми за работа со надарени и талентирани ученици . Програмите се индивидуализирани согласно со степенот на напредување на ученикот, во соработка со стручните соработници, педагогот и психологот;
- За учениците со посебни образовни потреби, по нивната идентификација во соработка на наставници и стручните соработници: педагог, психолог и дефектолог во текот на учебната 2024/25 година се изготвуваа индивидуализирани образовни програми. Училиштето е опремено со сензорна соба каде дефектологот реализира дел од индивидуалните образовни програми. Наставниците активностите ги планираат во рамки на часот;
- Во тематските планирања се врши интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение. Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Учениците, вработените и пошироката заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина и реализацијата на Програмата;
- Секој наставник во своето **тематско планирање** ги планира часовите за примена на ИКТ во наставата и тоа минимум 30%;
- Воспитно образовниот процес го остваруваат 36 наставника, од кои 24 во предметна и 12 во одделенска настава;
- Стручната подготовка на кадарот е следна: со Високо образование има 36 (со директор, педагог, психолог, дефектолог и библиотекар), со Више образование 5 наставника. Дополнуваат часови во други училишта 3 наставника, а 5 наставника дополнуваат часови во нашето училиште;
- Во училиштето работат: 1 секретар, 1 домакин – хаус мајстор и 5 помошен персонал (хигиеничари).

## 3. Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната работа

Годишната програма за работа на Училиштето беше подготвена врз основа на следните документи:

Законот за основно образование член 49 став 3 (Сл. Весник на Република Македонија“ број161/2019,Закон за работни односи, Закон за јавни набавки,Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони; Правилникот од МОН за формата и содржината на Годишната програма за работа на основно училиште; Наставни планови и програми; Концепција на деветгодишно образование; Статутот на училиштето член 25,112,120 и 121; Програма за развој на училиштето.

Основна и приоритетна цел на училиштето е квалитетна организација, настава со примена на компјутери (ИКТ), примена на современи форми и методи на работа, креативни техники на учење, квалитетни, трајни и функционални знаења на учениците во нивниот понатамошен тек на образование.

Во училиштето работат следните проекти:

- Креативна настава и учење;
- Информатичка технологија и комуникација во образованието;
- Модернизација на образованието –втора фаза ;
- ПЕП Проект;
- Програма- Образование за животни вештини;
- ЕКО Проект-Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем;
- Проект- Македонска мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето;
- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието;
- Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“;
- Програма – „Математика со размислување“;
- Програма – „Јазична писменост во почетните одделенија“;
- Проект –„ Со читање до лидерство“;
- Проект – „Критичко размислување и решавање проблеми“;
- Програма „Унапредување на менталното здравје“;

Часовите од задолжителната настава се планирани според наставните програми за учебната 2024/25 година.

Според Календарот за работа во првото полугодие од учебната 2024/25 година, заклучно со 10.06.2025 реализирани се 180 наставни дена.

## 3.1 Планирани и реализирани часови во учебната 2024/25 година

**Табела 1. Планирани и реализирани часови за учебната 2024/25 година**

| I – IX 22 паралелки | | | |
|---|---|---|---|
| **Настава, воннаст. В.о. дејност** | **Планирани** | **Реализирани** | **Процент** |
| Задолжителна настава | 19512 | 19559 | 100,24% |
| Изборна настава | 1584 | 1578 | 99.78% |
| Додатна настава | 720 | 764 | 106,11% |
| Дополнителна настава | 720 | 716 | 99,44% |
| Одделенски час | 720 | 710 | 98,61% |
| ОКР | 310 | 334 | 107,74% |
| **Вкупно** | 23556 | 23661 | 100,40% |
| Грижа за здравјето на учениците | **572** | **486** | 84,97% |
| ВНВОА | **980** | **1331** | 135,82% |
| СУА + Хор и оркестар | **272** | **272** | 100% |
| **Вкупно** | 25390 | 25750 | 101,42% |

**Констатации**:

**На основа Наставниот план и програма од I – IX одделение во учебната 2024/25 година планирани се 25390 часа,а реализирани се 25750 часа или 101,42%.**

**Часовите од задолжителната настава за учебната 2024/25година се планирани со 19512, а реализирани се 19559 часа или 100,24% .**

**Во учебната 2024/25 година реализирани се 764 часа од додатна настава или 106,11%, а дополнителна реализирани се 716 часа или 99,44%.**

| Реализирани часови со примена на ИКТ за учебната 2024/2025 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III,V ПУ Ѓавото | II, IV ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 900 | 400 | 554 | 600 | 624 | 49 | 592 | 310 | 108 | 472 | 245 | 4854 |

| ПМИО содржини за учебната 2024/2025 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III,V ПУ Ѓавото | II, IV ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 6 | 24 | 32 | 16 | 16 | 30 | 36 | 11 | 16 | 17 | 18 | 222 |

| ЕКО содржини за учебната 2024/2025 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III,V ПУ Ѓавото | II, IV ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 20 | 28 | 16 | 16 | 20 | 18 | 20 | 8 | 20 | 38 | 19 | 223 |

| Реализирани работилници од ОЖВ за учебната 2024/2025 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III,V ПУ Ѓавото | II, IV ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 4 | 20 | 64 | 72 | 60 | 105 | 66 | 24 | 48 | 38 | 19 | 520 |

**Во учебната 2024/25година реализирани се 4854 часа со примена на ИКТ, ПМИО содржини 222, ЕКО содржини се реализирани со 223 часа и ОЖВ – 520 работилници.**

## 4. Професионален развој

Стручното усовршување на наставниот кадар се одвиваше според Програмите на МОН и БРО со присуство на наставниците и директорот.

**4.1 Професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар** Во текот на учебната 2024/25 година, реализирани се следните обуки:

| Датум на реализација | Обука | Реализатори | Учесници |
|---|---|---|---|
| 19-20.08.2024 год. | Обука за наставници на тема: „Професионална соработка на наставниците ( стручни активи, заедница за учење, менторство)“ – 8 часа | Биро за развој на образованието Реализатор: Акредитиран провајдер – Академија ЦЕС Предавач:Невена Петрушева | Присутни на обуката 29 наставници од одделенска и предметна настава |
| 27.08.2024 год. | Обука за стручни соработници на тема: „Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците со проблематично однесувањеи создавање на позитивна социо-економска клима на час“ | Биро за развој на образованието Реализатор: МОН,БРО и Тетовскиот универзитет | Невена Петрушева Снежана Енџекчева Елисавета Карастојанова |
| 13.09.2024 год. | Обука за наставниот кадар кои предаваат во IV, V и VI одд. За користење на дигиталните интерактивни учебници | МОН | Наставниците кои предаваат во IV, V и VI |
| 19.10.2024 год. | Напредната обука за директори INK01 | Државен испитен центар | Директор Атанас Нанчев |
| 25-26.10.2024 год | Обука за наставниците кои ги водат медиумските клубови (12 часа) | УСАИД | Ивана Димовска |
| 25-26.10.2024 год. | Интернационална конференција за наставниците по англиски јазик „New challenges, New perspectives“ | Биро за развој на образование | Томида Окова Попова Оливера Прочкова Узунова |
| 29.10.2024 год. | Обука на тема „Гешталд обрада језика“ | Корак по корак – Србија | Елисавета Карастојанова |
| 07.11.2024 год.. | Обука за заштита при работа и изготвување програма за обука на вработените за безбедно извршување на работата | Технички институт Македонија ДОО – Неготино | Марија Петрушева |
| 30.11.2024 год. | Втора конференција на Македонската асоцијација на | Македонска асоцијација на | Невена Петрушева |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | психолози и психотерапевти „Спроведување на психолошко тестирање за изготвување на психолошки наод и мислење“ | психолози | |
| 11.12.2024 год. | Онлајн обука – Едуино Вебинар на тема: Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците“ -2 часа | Проект„Промоција на безбедна училишна средина“ Смарт АП-лабораторија на социјални иновации-Скопје | Невена Петрушева |
| 17.12.2024 година | Онлајн обука – Едуино Вебинар на тема „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси“ – 2 часа | Проект„Промоција на безбедна училишна средина“ Смарт АП-лабораторија на социјални иновации-Скопје | Наставници<br>Стручни соработници<br>Директор |
| 18.12.2024 година | Обука„Поддршка развоју деца“ | Корак по корак – Србија | Елисавета Карастојанова |
| 27.03.2025 година | Настан во рамки на проектот „Поддршка за зголемување на мрежата на заштитени подрачја во клучната област за биодиверзитет Река Вардар во Македонија“ | „Полимат 13“ - Богданци | Невена Петрушева |
| 28.04,2025 година | Воведна обука за развој на кариера во основните училишта – 3 часа | МОН во соработка со Националната агенција за мобилности и Асоцијацијата за кариерни советници | Невена Петрушева<br>Снежана Енџекчева |
| 07.04.2025 година | Трибина на тема; Кардиоваскуларни заболувања | СОУ„Богданци“-Богданци | Атанас Нанчев<br>Стефана Демерџиева |
| 09.05.2025 година | Конференција за наставниците по англиски јазик Ensensing language end instruction – 6 часа | Express Publishing | Томида Окова Попова<br>Николинка Ќамилова<br>Оливера ПрочковаУзунова |

Во рамки на следењето на воспитно-образовната работа во текот на учебната 2024/25 година имаше интерно следење за реализација на наставниот процес од страна на стручната служба и директорот, следење на адаптацијата на учениците во прво и шесто одделение, следење на адаптацијата на учениците со попреченост и увид во работата по ИОП кај наставници кои имаат инклудирано ученици со ПОП во нивното одделение.

Констатациите и водените разговори по извршениот увид од следењето на наставата се во функција на подобрување на воспитно-образовниот процес.

Редовен инспекциски надзор од страна на трудов инспектор – Гевгелија беше извршен на 25.09.2024 година - Безбедност и здравје при работа“

Вонреден контролен инспекциски надзор од страна на ДПИ беше извршен на 26.09.2024 – „Формирање паралелки без добиена согласност од страна на МОН“.

Стручен увид од страна на советникот од БРО, Горан Стојанов беше извршен на 25.04.2025 година, беа посетени три наставни часа (Народно музичко творештво- изборен предмет во Vодделение, математика во VI одд. и математика во IV одд., Здравко Ињачев, Адријана Тодорова и Наталија Манолева. Целта на посетата беше реализација на наставата според Новата концепција за основно образование.

## 5. Планирање и реализација на дејноста на стручните органи и тела, директорот и стручните соработници

Работата на Одделенските совети и Наставничкиот совет е планирана со Годишната програма за работа на училиштето. Одржани се 4 Одделенски совети и 14 Наставнички совети.

Наставниот кадар е организиран во 3 стручни активии има одржано 9 состанока.

Советот на родители брои 22 члена и работи по Програма. Има оддржано 9 состанока. Училишниот одбор работи по Програма. Има одржано 12 состанока.

Директорот и стручната служба, работат по Програма и реализацијата на истата е според планираната динамика.

Информации од реализираните програмски задачи /анализи од испитувања, извештаи, осврти, анкети и други програмски задачи се излагаат на Одделенски совет, Наставнички совет, стручните активи и други стручни тела во училиштето.

Од работата се води евиденција и документација.

## 6. Успех на учениците

Согласно член 138 од Законот за основно образование од учебната 2024/25година описно се оценети 147 ученика од I –III одделение, а 269 ученика од IV до IX одделение се оценети со бројчани оценки.

**Табела 2. Општ успех на учениците по паралелки**

| Општ успех на учениците (по паралелки) на крај од учебната 2024 -2025 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | Одлични | Мн. Добри | Добри | Доволни | Недоволни | Вкупно | Среден успех |
| IV а | 16 | 6 | 3 | 1 | 0 | 26 | 4.37 |
| IV б | 18 | 2 | 4 | 0 | 0 | 24 | 4.60 |
| V а | 16 | 6 | 1 | 1 | 0 | 24 | 4.51 |
| V б | 17 | 5 | 0 | 0 | 0 | 22 | 4.66 |
| VI а | 12 | 4 | 2 | 0 | 0 | 18 | 4.46 |
| VI б | 13 | 5 | 1 | 0 | 0 | 19 | 4.53 |
| VI в | 10 | 4 | 2 | 0 | 0 | 16 | 4.48 |
| VII а | 13 | 5 | 2 | 0 | 0 | 20 | 4.49 |
| VII б | 8 | 8 | 1 | 0 | 0 | 17 | 4.37 |
| VIII а | 10 | 1 | 4 | 0 | 0 | 15 | 4.04 |
| VIII б | 8 | 4 | 2 | 0 | 0 | 14 | 4.29 |
| IX а | 6 | 4 | 4 | 0 | 0 | 14 | 4.20 |
| IX б | 5 | 4 | 4 | 0 | 0 | 13 | 3.93 |
| IX в | 5 | 7 | 4 | 0 | 0 | 16 | 4.04 |
| Вкупно | 157 | 65 | 34 | 2 | 0 | 258 | 4.36 |
| % | 60.85% | 25.19% | 13.18% | 0.78% | 0.00% | | |
| | | | | | | | |
| ПУ IV | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 6 | 4.71 |
| ПУ V | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 4.63 |
| Вкупно ПУ | 9 | 2 | 0 | 0 | 0 | 11 | 4.67 |
| % ПУ | 81.82% | 18.18% | 0.00% | 0.00% | 0.00% | | |
| | | | | | | | |
| Вкупно со ПУ | 166 | 67 | 34 | 2 | 0 | 269 | 4.39 |
| % со ПУ | 61.71% | 24.91% | 12.64% | 0.74% | 0.00% | | |


Успех на учениците за 2024/25
180
160
140
120
100
80
60
40
20
0
166
67
34
2
Одлични
Мн. добри
Добри
Доволни


Успех на учениците за 2024/25
Мн. добри
25%
Добри
12%
Доволни
1%
Одлични
62%

**Табела 3. Споредба на општиот успех**

| IV-IX | Одлични | Мн. Добри | Добри | Доволни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2024/25 | 166 | 67 | 34 | 2 | 269 |
| | 61.71% | 24.91% | 12.64% | 0.74% | |
| 2023/24 | 154 | 69 | 33 | 4 | 260 |
| | 59.23% | 26.54% | 12.69% | 1.54% | |
| Разлика | 12 | -2 | 1 | -2 | |
| | 2.48% | -1.63% | -0.05% | -0.79% | |

**Констатации:**

**Согласно показателите на општиот успех кај учениците, на крајот од учебната 2024/25 година може да се констатира дека во однос на минатата учебна година зголемен е процентот на ученици со одличен успех за 2,48%, процентот на ученици со мн.добар успех е намален за 1,63%, процентот на ученици со добар успех е намален за 0,05, додека процентот на ученици со доволен успех е намален за 0,79.**

**Табела 4 – преглед на постигањата на учениците од I – III одделение во учебната 2024/25 година**

| Аналитички преглед на нивото на постигања на учениците од I до III одд.- 2024/25година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| паралелки | број на ученици | високо ниво | | | средно ниво | | | ниско ниво | | |
| | | м | ж | вк. | М | ж | вк. | М | ж | вк. |
| **I а** | 27 | 10 | 10 | 20 | 3 | 2 | 5 | 1 | 1 | 2 |
| % | | 37,0 | 37,0 | 74,1 | 11,1 | 7,4 | 18,5 | 3,7 | 3,7 | 7,4 |
| **I б** | 25 | 10 | 10 | 20 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 5 |
| % | | 40,0 | 40,0 | 80,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 12,0 | 8,0 | 20,0 |
| **ПУ I** | 7 | 0 | 5 | 5 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 0,0 | 71,4 | 71,4 | 14,3 | 14,3 | 28,6 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **59** | **20** | **25** | **45** | **4** | **3** | **7** | **4** | **3** | **7** |
| **%** | | **33,9** | **42,4** | **76,3** | **6,8** | **5,1** | **11,9** | **6,8** | **5,1** | **11,9** |
| **II а** | 21 | 7 | 9 | 16 | 2 | 2 | 4 | 0 | 1 | 1 |
| % | | 33,3 | 42,9 | 76,2 | 9,5 | 9,5 | 19,0 | 0,0 | 4,8 | 4,8 |
| **II б** | 19 | 5 | 10 | 15 | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 | 2 |
| % | | 26,3 | 52,6 | 78,9 | 0,0 | 10,5 | 10,5 | 10,5 | 0,0 | 10,5 |
| **ПУ II** | 4 | 1 | 3 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 25,0 | 75,0 | 100,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **55** | **13** | **22** | **35** | **2** | **4** | **6** | **2** | **1** | **3** |
| **%** | | **23,6** | **40,0** | **63,6** | **3,6** | **7,3** | **10,9** | **3,6** | **1,8** | **5,5** |
| **III а** | 21 | 8 | 7 | 15 | 1 | 2 | 3 | 3 | 0 | 3 |
| % | | 38,1 | 33,3 | 71,4 | 4,8 | 9,5 | 14,3 | 14,3 | 0,0 | 14,3 |
| **III б** | 20 | 4 | 10 | 14 | 1 | 3 | 4 | 2 | 0 | 2 |
| % | | 20,0 | 50,0 | 70,0 | 5,0 | 15,0 | 20,0 | 10,0 | 0,0 | 10,0 |
| **ПУ III** | 3 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 0,0 | 66,7 | 66,7 | 33,3 | 0,0 | 33,3 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **44** | **12** | **19** | **31** | **3** | **5** | **8** | **5** | **0** | **5** |
| **%** | | **27,3** | **43,2** | **70,5** | **6,8** | **11,4** | **18,2** | **11,4** | **0,0** | **11,4** |

**Описното оценување на учениците од прво до трето одделение е направено во три нивоа, во согласност со стандардите за оценување, а врз основа на покажаните знаења и способности на учениците.**

**Табела бр.5 Преглед на општиот успех на учениците според пол во учебната 2024/25 година**

| | Одлични | | | Мн. Добри | | | Добри | | | Доволни | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | М | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк |
| IV | 11 | 23 | 34 | 4 | 4 | 8 | 6 | 1 | 7 | 0 | 1 | 1 | 21 | 29 | 50 |
| V | 15 | 18 | 33 | 6 | 5 | 11 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 22 | 24 | 46 |
| VI | 11 | 24 | 35 | 11 | 2 | 13 | 1 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 | 23 | 30 | 53 |
| VII | 12 | 9 | 21 | 6 | 7 | 13 | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 20 | 17 | 37 |
| VIII | 7 | 11 | 18 | 3 | 2 | 5 | 4 | 2 | 6 | 0 | 0 | 0 | 14 | 15 | 29 |
| IX | 2 | 14 | 16 | 7 | 8 | 15 | 11 | 1 | 12 | 0 | 0 | 0 | 21 | 22 | 43 |
| ПУ- IV | 2 | 3 | 5 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 6 |
| ПУ- V | 2 | 2 | 4 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 5 |
| Вкупно | 62 | 104 | 166 | 39 | 28 | 67 | 25 | 9 | 34 | 0 | 2 | 2 | 127 | 142 | 269 |

**Констатација:** Од изнесените податоци во табелата може да се констатира дека бројот на машките ученици со одличен успех е помал во однос на женските ученици за 42, бројот на ученици со мн.добар успех е поголем кај женските ученици за 11, бројот на добри ученици е поголем кај машките ученици во однос на женските за 16.

**Табела 6. Успех по паралелки во учебната 2024/25 година**

| Паралелка | Среден успех |
|---|---|
| IV а | 4,37 |
| IV б | 4,60 |
| V а | 4,51 |
| V б | 4,66 |
| VI а | 4,46 |
| VI б | 4,53 |
| VI в | 4,48 |
| VII а | 4,49 |
| VII б | 4,37 |
| VIII а | 4,04 |
| VIII б | 4,29 |
| IX а | 4,20 |
| IX б | 3,93 |
| IX в | 4,04 |
| ПУ – IV | 4,71 |
| ПУ – V | 4,63 |
| ПУ- IV, V | 4,67 |
| IV-V | 4,58 |
| VI-IX | 4,28 |
| Просек | 4,39 |

| Одд. | Среден Успех |
|---|---|
| IV | 4,48 |
| V | 4,59 |
| VI | 4,49 |
| VII | 4,41 |
| VIII | 3,31 |
| IX | 4,05 |
| ПУ IV-V | 4,67 |
| | |
| Просек | 4,39 |
| | |

**Констатација:**

**Средниот успех на учениците од IV-IX е 4,39. Анализирајќи го успехот со оној кој е постигнат во предходната учебна година се заклучува дека нема поголеми отстапувања односно успехот е незначително зголемен за 0,02.**

**Табела бр. 7 – Константност на успехот 2024/25 година – споредба на успехот од учебна 2023/24 година**

| Пар. – Одд. | Среден успех 2024/25 | Пар. – Одд. | Среден успех 2023/24 | Разлика во % | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| IV а | 4,37 | III а | Описно | / | / |
| IV б | 4,60 | III б | Описно | / | / |
| IV ПУ Ѓавото | 4,71 | III ПУ Ѓавото | Описно | / | / |
| V а | 4,51 | IV а | 4,46 | 3,42% | 0,15 |
| V б | 4,66 | IV б | 4,72 | 3,18% | 0,14 |
| V ПУ Ѓавото | 4,63 | IV ПУ Ѓавото | 4,76 | 7,50% | 0,3 |
| VI а | 4,46 | V а | 4,54 | 2,29% | 0,1 |
| VI б | 4,53 | V б | 4,54 | 0,22% | 0,01 |
| VIв | 4,48 | / | / | / | / |
| VII а | 4,49 | VI а | 4,47 | -1,53% | -0,07 |
| VII б | 4,37 | VI б | 4,51 | -2,24% | -0,1 |
| VIII а | 4,04 | VII а | 4,52 | -2,39% | -0,1 |
| VIII б | 4,29 | VII б | 4,36 | -7,40% | -0,31 |
| IXа | 4,20 | VIII а | 4,03 | -5,75% | -0,23 |
| IX б | 3,93 | VIII б | 3,88 | 3,80% | 0,16 |
| IX в | 4,04 | VIII в | 3,77 | 6,39% | 0,25 |
| | | | | | |
| IV-V | 4,58 | IV-V | 4,55 | 5,11% | 0,22 |
| VI-IX | 4,28 | VI-VIII | 4,26 | 1,11% | 0,05 |
| IV-IX | 4,39 | IV-VIII | 4,37 | 2,52% | 0,11 |

**Констатација: Средниот успех на учениците од IV–IX одд. е 4,39. Успехот е незначително зголемен за 0,02 во однос на минатата учебна година.**

**Табела бр.8 Коефициент на континуитет на успехот**

| | | учебни години | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2023 | 2024 | 2025 |
| среден успех на полугодие | | 3,91 | 4,01 | 3,93 |
| среден успех на крај на УГ | | 4,06 | 3,96 | 4,39 |
| **годишен коефициент на континуитет на успехот** | | **0,96** | **1,01** | **0,90** |
| | | | | |
| **Коефициент** | | | | **0,956966** |

**Констатации:**

**Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9 согласно индикаторите за успешност од ДПИ. Има континуитет на подобрување на успехот на ниво на училиште.**

**Табела бр.9Среден успех по наставни предмети во учебната 2024/25 година**

| | VI | VII | VIII | IX | Просек |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,04 | 4,08 | 4,37 | 3,66 | 4,04 |
| Англиски јазик | 3,74 | 3,89 | 3,82 | 3,77 | 3,81 |
| Француски јазик | 4,34 | 3,78 | 3,86 | 3,43 | 3,85 |
| Математика | 3,83 | 3,76 | 3,72 | 3,02 | 3,58 |
| Историја | 4,47 | 4,30 | 4,41 | 4,39 | 4,39 |
| Географија | 4,34 | 4,24 | 4,37 | 4,20 | 4,29 |
| Биологија | | 4,00 | 4,20 | 3,39 | 3,86 |
| Хемија | | | 3,82 | 2,95 | 3,39 |
| Физика | | | 4,00 | 3,86 | 3,93 |
| Граѓанска образование | 4,75 | | 4,62 | 4,34 | 4,57 |
| Техничко Обр. (VI) | 4,66 | | | | 4,66 |
| Информатика | 4,57 | 4,59 | | | 4,58 |
| Музичко образование | 4,79 | 4,49 | 4,37 | 4,89 | 4,64 |
| Ликовно образование | 4,96 | 4,95 | 4,79 | 5,00 | 4,93 |
| Етика (VII) | | 4,73 | | | 4,73 |
| Природни науки | 4,30 | | | | 4,30 |
| Иновации | | | | 4,27 | 4,27 |
| Проекти од информатика | | | | 4,88 | 4,88 |
| Религиите и к.н. | 4,79 | | | | 4,79 |
| Етика на рел. | 4,56 | | | | 4,56 |
| Религии во светот | 4,86 | | | | 4,86 |
| Физичко образование | 4,98 | 4,89 | 4,79 | 4,86 | 4,88 |
| Жив. Орг./лековити рас. | | 5,00 | | | 5,00 |
| Вештини на живеење | | | 4,93 | | 4,93 |
| **Просек** | 4,50 | 4,36 | 4,29 | 4,06 | 4,40 |

**Констатација: Средниот успех по наставни предмети во учебната 2024/25 година е 3,40. Најнизок постигнат успех учениците имаат по наставниот предмет хемија – 3,39, а највисок постигнат успех имаат по предметите Физичко обраование, 4,88 и изборните предмети живите организми и животната средина и изборниот предмет лековити растенија – 5.**

**Табела бр. 10 Константност на успехот по наставни предмети 2024/25 година во споредба со учебната 2023/24година.**

| VI-IX | 2024-25 | 2023-24 | Разлика |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,04 | 4,07 | -0,03 |
| Англиски јазик | 3,81 | 4,16 | -0,36 |
| Француски јазик | 3,85 | 3,95 | -0,10 |
| Математика | 3,58 | 3,63 | -0,05 |
| Историја | 4,39 | 4,16 | 0,23 |
| Географија | 4,29 | 4,21 | 0,08 |
| Биологија | 3,86 | 3,80 | 0,06 |
| Хемија | 3,39 | 3,24 | 0,15 |
| Физика | 3,93 | 3,32 | 0,61 |
| Граѓанско образование | 4,57 | 4,30 | 1,27 |
| Техничко Обр. (VI) | 4,66 | 5,00 | -0,34 |
| Информатика | 4,58 | 4,80 | -0,22 |
| Музичко образование | 4,64 | 4,78 | -0,15 |
| Ликовно образование | 4,93 | 4,98 | -0,06 |
| Етика VII одд. | 4,73 | 4,48 | 0,25 |
| Природни науки | 4,30 | 4,00 | 0,30 |
| Иновации | 4,27 | 4,61 | -0,34 |
| Проекти од информатика | 4,88 | 4,69 | 0,19 |
| Религиите и к.н. | 4,79 | 4,90 | -0,11 |
| Етика на рел. | 4,56 | 4,90 | -0,03 |
| Религии во светот | 4,86 | 4,90 | -0,04 |
| Физичко образование | 4,88 | 4,89 | -0,01 |
| Жив. Орг./лековити рас. | 5,00 | / | / |
| Вештини на живеење | 4,93 | 4,95 | -0,02 |
| | | | |
| Среден успех | **4.40** | **4,30** | **0,1** |

**Констатација:**

**Средниот успех по наставни предмети во учебната 2024/25 година е 4,40 и е повисок во споредба со минатата учебна година за 0,10. Средниот успех е зголемен** по **9 наставни предмети, а е намален по 14 наставни предмети.**

## 7.Ученички натпревари

На основа Годишната програма за работа на училиштето одржани се планираните ученички натпревари. Најуспешните ученици од училишните натпревари продолжуваат на општински, меѓуопштински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Учениците учествуваа на распишани конкурси во училиштето и надвор од него. Училиштето ги стимулира учениците со доделување на Благодарници. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето на завршна приредба и преку Facebook страната на училиштето.
Согласно критериумите утврдени во Правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици во генерацијата IX одделение одд. за ученик на генерацијата е прогласена ученичката Ива Шапкарова од IXб одд. која беше наградена со Благодарница и комплет книги. За истакнат ученик на паралелката од IXа одделение беше прогласена ученичката Верица Петкова, од IXб одделение ученичката Аника Чавдарова и од IXв ученикот Пене Енџекчев, кои беа наградени со Благодарница и ваучер од 2500 денари (Фреш Компани). Учениците од IX одделение (5) со континуиран одличен успех беа наградени со Благодарница и книга.

**Прилог 1**: Извештај за реализирани натпревари во учебната 2024/25година

## 8.Наставни екскурзии

Во учебната 2024/25 година реализирани беа планираните ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Согласно Годишната програма на училиштето реализирани се планираните екскурзии:

1.Дводневна наставна екскурзија низ Источна Македонија за учениците од VI одделение – 08– 09.05.2025 година;
2. Тридневна настава во природа со учениците од V одделение – 07 – 09. 05. 2025 година;
3. Еднодневна наставна екскурзија за учениците од III одделение (Разгледување на градот Скопје) на 30.04.2025 година
4. Тридневна наставна екскурзија низ Западна Македонија за учениците од IX одделение од 23- 25.04.2025г.

**Прилог 2**: Извештај за реализирани екскурзии

## 9.Грижа за здравјето на учениците и здравствено воспитание и образование

Училиштето води постојана грижа за здравјето на учениците.

- Редовни се прегледите и вакцините според календарската возраст од страна на Министерството за здравство – Здравствен дом Гевгелија.

-Вакцина –Revaksis за учениците од IX одделение Dite (29-30.10.2023 год.);
-Вакцина MRP за учениците од I одделение (18-24.09.2024 год): -Вакцина за учениците од II одделение со Tetraksim вакцина (04-05.11. 2023 год.);

- Систематски прегледи за учениците од I,III,Vи VII одделение (18-28.10.2024год.);
- Санитарен преглед за вработените – (19.09.2024 год).;
- Стоматолошки систематски прегледи за учениците од I,III,Vодделение ;
- Вакцина HPV за сите ученици од VIII одд. – (27-28.05.2025 год.)
- Вежба за евакуација на учениците и вработените – 2 минута и 05 секунди (06.12.2024год).;
- Во рамки на Елаборатот за Заштита и спасување училиштето има планови по ламели за евакуација во случај на опасност. На 26 и 27 2025г се одржа обука за вработените за заштита од пожар, земјотреси и поплави, со практични вежби од ЦУК.

Едукативни предавања со видео презентација:

- „Промовирање на Протокол за заштита на учениците од насилство во основните училишта“ со Ученичкиот парламент на училиштето-/педагог/;
- По повод Светскиот ден на борба против сидата-Презентација и работилница со учениците од IX одделение на тема „Сида- можности за превенција и заштита“./психолог/;
- Во рамки на Програмата „Образование за животни вештини“ реализирани се 260 работилници;
- Во рамки на Програмата „Унапредување на менталното здравје на учениците“ реализирани се 20 работилници:

| Реден број | Наслов на работилницата | Одделение | Број на присутни ученици | Датум на реализација | Белешки од реализираната работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Како учам | 6 а, б, | 18+19 | 3.10.2024 | Педагог/список |
| | Како учам | 6в | 17 | 4.10.2024 | Педагог/список |
| 2 | Јас и другите –Правила | 8б | 14 | 28.10.2024 | Педагог/список |
| 3 | Врсничко насилство – безобѕирен начин да се уништи некој | 9,аб,в | 14,12,16 | 18.10.2024 | Психолог/ список |
| 4 | Моите фотографии на интернет | 7а,б | 19+17 | 29.10.2024 | Психолог/ список |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Справување со емоции | 9б | 11 | 30.10.2024 | Психолог/ список |
| 6 | Кога детето станува ученик | 1,а,б | 55 | 2.09.2024 | Психолог/ фото |
| 7. | 5 Стратегии за решавање на конфликти | 8а | 15 | 18.11.2024 | Психолог/ список |
| 8. | Заклучување на мојот страв | 1а,б | 27 | 18.11.2024 | Дефектолог/фото |
| 9 | Грешка – прифаќање и признавање на грешки | 8б | 14 | 27.11.2024 | Педагог/список |
| 10 | Се за мене – градење самодоверба | 2а | 21 | 28.11.2024 | Педагог/список |
| 11 | Се за мене – градење самодоверба | 2б | 18 | 28.11.2024 | Педагог/список |
| 12 | СИДА – Можности и закани | 9а | 14 | 6.12.2024 | Психолог/ список |
| 13 | СИДА- Можности и закани | 9б | 13 | 6.12.2024 | Психолог/ список |
| 14 | СИДА –Можности и закани | 9в | 16 | 6.12.2024 | Психолог/ список |
| 15 | Цвеќе на пријателството | ПУ | 15 | 6.12.2024 | Педагог/список |
| 16 | Цвеќе на пријателството | ПУ | 15 | 6.12.2024 | Педагог/список |
| 17 | Зборуваме зад грб | 3б | 20 | 17.12.2024 | Педагог/список |
| 18 | Кога грешам | 3а | 21 | 18.12.2024 | Педагог/список |
| 19 | Грешење и простување | 5б | 22 | 18.12.2024 | Педагог/список |
| 20 | Грешење и простување | 5а | 23 | 23.12.2024 | Педагог/список |
| 21 | Помош | 6а,б | 33 | 27.03.2025 | Педагог/список |
| 22 | Желби за подобар свет доколку бев волшебник | 9а | 14 | 27.03.2025 | Педагог/список |
| 23 | Случките на Оги | 5а,б | 12 | 03.06.2025 | Педагог/список |

## 10.Инклузија на деца со посебни потреби

- Наставата за учениците со попреченост во училиштето се реализира според Индивидуален образовен план на наставните програми;
- Индивидуалиот образовен план вклучува адаптација во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето;
- Во училиштето има 9 ученика во I,II,IV,VIII и IX одд. кои се категоризирани со документ во педагошката евиденција и документација од кои5 ученика работат со поддршка на образовен асистент според ИОП изготвен од инклузивниот тим.Со специфични потешкотии во учењето има 2 ученика од I –IX одделение..

**Прилог 3:** Годишен извештај за работата на Инклузивниот тим во ООУ „ Петар Мусев“ Богданци во учебната 2024/25 година

## 11. Воннаставни воспитно образовни активности

Училиштето во текот на цела учебна година планира и реализира разновидни воннаставни активности во зависност од потребите и интересите на учениците. Планот за воннаставни активности содржи голем избор на активности како и различни форми за вклучување на учениците со цел поддршка на нивниот личен и социјален развој. Во учебната 2024/25 година реализирани се следните воннаставни активности:

- Со видео презентација на тема „Како да се помогне на детето прваче“ и „Пораки до родителите “(педагог, психолог) беше одбележан првиот училишен ден на учениците-првачињата.
- Одбележан 22 Септември – Меѓународниот ден без автомобили со следните активности: Пешачење на учениците од второ до петто одделение од училиштето до Спортската сака „Млаз“;Пешачење на учениците од VI до Ixодд.по истата маршута со тргнување во 11 часот;
- Во рамките на Детската недела 2024 реализирани се следните активности: Сликање на бетон со креди во боја во училишниот двор (I-Vодд,); Полагање свежо цвеќе на бистите во градскиот парк по повод 10 Октомври – Денот на ослободувањето на Богданци (V одделение);
- Учениците од VI и VII одделение се вклучија во активностите за одбележување на Детската недела со пишување на лични творби кои беа објавени на FB страната на училиштето;
- По повод 10 Октомври- Денот на ослободувањето на Богданци ученици од нашето училиште се вклучија во активностите за одбележување на празникот со учество на

улични трки, полагање на цвеќе на спомен бистите во градскиот парк и учество во Свечена Програма;

- По повод 16 Октомври –Светскиот ден  на гладта од страна на Ученичката заедница на училиштетобеше реализирана хуманитарна акција, донирање прехрамбени производи за семејства во социјален ризик;
- Со пригодна културно уметничка програма (музичката, литературната и драмската секција) беа одбележани Новогодишните празници;
- Со пригодна културно уметничка програма беа одбележани Новогодишните празници во ПУ –Ѓавото
- Училиштето организираше новогодишна работилница за изработка на новогодишни честитки  и беше организиран Новогодишен базар со цел средствата собрани од продажба на  новогодишни честитки да бидат наменети за хуманитарни цели;
- Одбележана е Европската недела на спортот со заеднички активности – игри без граници на општинско ниво со учениците од ООУ„Кирил и Методиј“-Стојаково;
- Во рамки на Проектот за медиумска писменост „Младите размислуваат“ во месец ноември започна со работа Медиумски клуб, поддржан од Македонски институт за медиуми, ИРЕКС, БРО и МОН, под менторство на библиотекарот Ивана Димовска;
- По повод месецот на книгата реализирана е креативна работилница со учениците од трето до деветто одделение на тема: „Што умот гледа, буквите и боите творат“ под менторство на јазичниот актив и библиотекарот;
- По повод месецот на книгата, учениците од VI и VIII одделение ја посетија Градската библиотека „Бранд Петрушев“ Богданци и печатницата „Софија“за запознавање на процесот на создавање книги;
- Во чест на 2 Декември –денот  на компјутерската писменост учениците од деветто презентираа корисни совети за безбедносно работење на компјутер за учениците од цело училиште, под менторство на наставникотБогомил Марков;
- По повод 3ти Декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост од страна на учениците од VI  под менторство на наставничката Николинка Ќамилова преку едукативен проект презентираа  позитивни примери на историски личности  кои имаат високи достигнувањаво својата област, но исто така имале попреченост (Хелен Келер, Томас Едисон, Бетовен).Со позитивни пораки за прифаќање  допринесоа за украсување на инклузивната елка;
- Одбележан е празникот 8 Декември –„ Св. Климент Охридски“со литературно читање од страна на учениците од VIII одд. на тема „Еден народ ќе живее се додека постои светлината на зборот запишан на јазикот негов;
- Во рамките на наставниот предмет Религиите во светот, а по повод верскиот празник Св. Фануриј, заштитник на учениците и наставниците, учениците од VI одделение присуствуваа на Божественат литургија и молебен во црквата Св. Атанасиј Велики во Богданци;
- Во рамките на Медиумскиот клуб „Автограф“ одржани се поткасти со најдобрите читачи во училиштето;
- Осми март-Меѓународниот ден на жената беше одбележан со креативни работилници во рамките на Медиумскиот клуб „Автограф“;

- Меѓународниот ден на математиката, 14 Март беше одбележан со креативни математички работилници на тема: „Математичка креативност и уметност“;
- Театарска претстава „Црвенкапа“за учениците од I до V одделение во ЈОУДК „Бранд Петрушев“-Богданци;
- Театарска претстава „Енгеле –Бенгеле“ за учениците од од I до V одделение во ЈОУДК „Бранд Петрушев“-Богданци;
- Драмска претстава „Чорбаџи Теодос“ за учениците од VI до IX одделение во ЈОУДК „Бранд Петрушев“-Богданци;
- Свечено беше одбележан Патрониот празник на училиштето со следните активности: Полагање свежо цвеќе на спомен бистите во градскиот парк; Спортски натпревари; Културно уметничка програма;
- Театарска претстава „Шумската принцеза“за учениците од I до V одделение во ЈОУДК „Бранд Петрушев“-Богданци;
- Учениците од I – V одделенија го посетија Детскиот фестивал „Калинка 2025“-Гевгелија
- Учество на настан „Ден на Астрагалусот“ во организација на здружението за развој, едукација и еколошка етика „Полимат 13“;
- Денот на шегата – 1Април беше одбележан со дефиле на креативни маски од страна на учениците од од I – V одделение;
- Денот на планетата Земја – 22 Април беше одбележан со активности, изработка на флаер „Дања зачуваме нашата планета“ и изработка на постер „Една планета. Една иднина“ од страна на ученици од IX одделение, членови на Ученичкиот парламент;
- Во рамките на Медиумскиот клуб „Автограф“ одржани се креативни работилници на тема;„Ретко не значи невидливо“, „Остави свој печат“ со цел подигање на свеста за ретките болести;

## 12. Антикорупциска едукација на учениците во основното образование

ООУ „Петар Мусев“ Богданци има спроведено и реализирано активности од аспект на антикорупциска едукација согласно дадените напатствија од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образование. Активностите се планирани во рамките на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година. Наставниците реализираа содржини со планирани цели поврзани со антикорупциска едукација, подготвени се прашалници за анкетирање за ученици со цел утврдување на нивното предзнаење за антикорупциската едукација.

Од планираните активности за антикорупциска едукација на учениците во учебната 2024/25 година, ООУ„ Петар Мусев “Богданци има спроведено активности преку работилници, презентации и предавања согласно наставната програма по граѓанско образование преку следните наставни содржини: Причини и последици од корупцијата; Стекнување на основни знаења за корупција –антикорупција; Преку програмата за Образование за животни вештини, реализирани се предавања и работилници на часовите на одделенска заедница со содржини од антикорипциска едукација: Основни човекови права, Институција за заштита и безбедност- Народен правобранител и преку популаризација на

борба против корупција.Од програмата за предметот Историја и Општество (четврто одделение) реализирани се предавања со содржина од антикорупциска едукација : Непотизам , мито и корупција; како и на одредени часови по предметот македонски јазик со наставни содржини од антикорупциска едукација на учениците.

Активности за антикорупциска едукација се реализирани во следните наставни предмети: граѓанско образование, образование за животни вештини, историја и општество, македонски јазик.

## 13. Учество на учениците во Ученички парламент

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат Училишната заедница со право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште.Според член 68 (став 3 и 4) за организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелка и Ученички парламент. Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките во училиштето. Конститутивната седница на Ученичкиот парламент беше одржана на 27.09.2024 година и со неа претседаваше директорот на училиштето. Изборот на претседател и заменик претседател беа направени по пат на тајно гласање со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници на заедниците на паралелките. За претседател на Ученичкиот парламент беше избрана ученичката Верица Петковаод IX одделение, а за заменик претседател беше избрана ученичката Матеа Стратрова од VIII одделение. Овие ученици беа избрани за претставници од учениците кои ќе ги застапуваат интересите на учениците и ќе присуствуваат на состаноците на Наставнички совет, Совет на родители и Училишниот одбор. На состаноците свое учество земаат директорот, педагогот и психологот. Во текот на учебната 2024/25 година одржани се 4 состанока на на кои се дискутираше за прашања од интерес на учениците.

## 14. Ученички правобранител

Во согласност со член 68 од Законот за основно образование образование („Службен весник на Р.С Македонија“, бр. 161 од 05.08.2019 и 229/20), во ООУ “Петар Мусев“ извршен е избор на Ученички правобранител. На демократски избори со сите ученици од VII – IX одд, за правобранител беше избраученикот Томе Минов од VIII одделение. Следењето на работата на Ученичкиот правобранител беше спроведена од страна на Директорот и стручната служба во училиштето.

## 15. Редовност на учениците

**Табела бр.10 Редовност на учениците**

| Редовност на учениците – учебна 2024-25 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Број на ученици | Оправдани | | Неоправдани | | Вкупно | |
| | | Вкупно | Просек | Вкупно | Просек | Вкупно | Просек |
| I | 59 | 975 | 16,53 | 0 | 0,00 | 975 | 16,53 |
| II | 44 | 635 | 14,43 | 0 | 0,00 | 635 | 14,43 |
| III | 44 | 214 | 4,86 | 0 | 0,00 | 214 | 4,86 |
| IV | 56 | 537 | 9,59 | 0 | 0,00 | 537 | 9,59 |
| V | 51 | 1276 | 25,02 | 0 | 0,00 | 1276 | 25,02 |
| VI | 53 | 2262 | 42,68 | 22 | 0,42 | 2284 | 43,09 |
| VII | 37 | 1083 | 29,27 | 12 | 0,32 | 1095 | 29,59 |
| VIII | 29 | 785 | 27,07 | 48 | 1,66 | 833 | 28,72 |
| IX | 43 | 760 | 17,67 | 47 | 1,09 | 807 | 18,77 |
| **Вкупно** | **416** | **8527** | **20,50** | **129** | **0,31** | **8656** | **20,81** |

**Во учебната 2024/25 година направени се вкупно 8656 изостаноци, просек 20,81. Од нив оправдани се 8527, просек 20,50, а неоправдани изостаноци има 129 или просек 0,31. Најмногу изостаноци има во VI одделение.**

Причини за неоправдани изостаноци:

Самоволно напуштил 4

Доцни на 1 час 43

Доцни меѓу часови 33

Нема оправдание 49

**Вкупно 129 неоправдани изостаноци.**

**Констатации:**

**Во споредба со минатата учебна година, бројот на неоправдани изостаноци е зголемен за 89, а бројот на оправдани изостаноци е зголемен за 2601.**

**За надминување на проблемот со неоправдано отсуство од настава, училиштето ги превзема следните мерки: советодавна работа со учениците, писмено известување до родителите и повикување на разговор во училиштето.**

## 16. Поведение и изречени педагошки мерки

**Поведение**

| Вид на поведение | Одделенија | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
| Примерно | **59** | **44** | **44** | **56** | **51** | **53** | **37** | **29** | **43** |
| Добро | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **59** | **44** | **44** | **56** | **51** | **53** | **37** | **29** | **43** |

**Поведението е примерно за сите 416 ученика.**
**На основа Правилникот за педагошки мерки во текот учебната 2024/25 година изречени се 8 педагошки мерки и тоа:**

**Педагошки мерки**

| **Педагошки мерки** | **Број на изречени педагошки мерки** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **Вкупно** |
| **Усна опомена** | **1** | | **3** | **1** | **5** |
| **Писмена опомена** | **3** | | **3** | **4** | **10** |
| **Укор** | | | **1** | | **1** |
| **Намалено поведение (добро)** | | | | | |
| **Вкупно** | **4** | | **7** | **5** | **16** |

## 17. Соработка со родители

Соработката со родителите се одвиваше преку повеќе видови форми: родителски среќавања, месечни средби, средба по интерес на родителот, по покана на родителот, телефонски контакт и слично. Во учебната 2024/25година остварени се вкупно 91 родителски средби.

Со воведување на задолжителна Советодавна работа со родители за учениците кои покажуваат намален успех, имаат неоправдани отсуства и ученици кои манифестираат асоцијално поведение организирана е советодавна работа од страна на психологот.

За информирање на родителите за Годишната програма за работа на училиштето, подготвен е **Информатор**.Информаторот е доставен до членовите на Советот на родители, членовите на на Училишниот одбор, наставниците и до Општина-Богданци.

## 18.Соработка со други институции

Во рамките на програмата за мерките и активностите на Општина Богданци во областа на социјалната заштита во 2024 година доделени се финансиски средства (30000 денари) за купување облека на социјално ранлива категорија на ученици (10).

Училиштето е отворено за соработка и соработува со повеќе институции како Медицински Центар, Центар за социјална работа, Дом на култура, МВР, други основни,

средни училишта и Детската градинка од Богданци, Црвен крст, невладини организации и други кои се заинтересирани за соработка и заедничко делување на соодветни подрачја.

Соработката на училиштето со МОН, Биро за развој на образованието и Локалната Самоуправа како и Градоначалникот на Општината е од посебно значење и се реализира континуирано и доста успешно.

## 19. Педагошка евиденција и документација

Педагошка евиденција и документација се води според Законските прописи и е во согласност со временските рокови.

Без посебни проблеми редовно се води електронската евиденција во која увид имаат и родителите на учениците.

## 20.Констатации, заклучоци и предлог мерки

На основа на Годишниот извештај се констатира следново:

- Согласно Наставниот план и програма од I-IX одделение во учебната 2024/25 година планирани се 25390 часа, а реализирани 25750 часа или 101,42%;
- Часовите од задолжителната настава за учебната 2024/25 година се планирани со 19512, а реализирани се 19559 часа или 100,24% .
- Во учебната 2024/25 година реализирани се 764 часа од додатна настава или 106,11%, а дополнителна реализирани се 716 часа или 99,44%.
- Средниот успех на учениците од IV-IX е 4,39. Анализирајќи го успехот со оној кој е постигнат во предходната учебна година се заклучува дека нема поголеми отстапувања односно успехот е незначително зголемен за 0,02.
- Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9 согласно индикаторите за успешност од ДПИ. Има континуитет на подобрување на успехот на ниво на училиште.
- Во учебната 2024/25 година направени се вкупно 8656 изостаноци, просек 20,81. Од нив оправдани се 8527, просек 20,50, а неоправдани изостаноци има 129 или просек 0,31. Најмногу изостаноци има во VI одделение.Во споредба со минатата учебна година, бројот на неоправдани изостаноци е зголемен за 89, а бројот на оправдани изостаноци е зголемен за 2601.
- Подобрена е состојбата со нагледни и технички средства;
- Професионалниот развој на наставниците, /екстерно и интерно/ се одвиваше според динамиката предвидена од БРО и МОН и Програмите на наставниците-обучувачи кои се обврзани да го пренесат стекнатото знаење од следење на семинарите- Проекти ;
- Продолжува соработката со партнерското училиште „Мехмет Дерала “ од село Градец, Општина Врапчиште. Во учебната 2024/25 година не се реализираа заеднички активности со партнерското училиште поради недостиг на финансиски средства.
- Училиштето ја продолжува успешната соработка со локалната средина, општината, меѓународните организации, невладини организации преку разни проекти,хуманитарни акции и други активности;
- Сеуште не е решен проблемот со прокиснување на кровот на училиштето после реновирање во 2021, подовите се лизгави и небезбедни по дожд, се користат импровизации за собирање вода по ходниците и училниците. Постои влага и мувла во доста простории во училиштето. Поради физичката и здравствената небезбедност на сите присутни во училиштето и докази од ИЗИИС за небезбедноста, со Одлука на Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители и поддршка од Совет на Општина Богданци, Градоначалникот на Општина Богданци и ДПИ, на 26.03.2025 година, наставата продолжи да се изведува во зградата на СОУ„Богданци“ Богданци.
- Просторните услови во зградата на СОУ„Богданци“ Богданци и времето на започнувањето на часовите (14 часот) имаа негативно влијание на квалитетот на реализација на наставата. (Констатацијата е извлечена врз основа на искажувањата на наставниците и родителите).

**Отворени проблеми и потреби на училиштето**

- Значително прокиснување на кровот на училиштето после реновирање во 2021;
- Замена на подовите;
- Целосно реновирање на фасадата на зградата во Богданци;
- Изградба на фискултурна сала;

Содржинска и техничка изработка на текстуален и статистички Извештај:
Снежана Енџекчева – педагог
Невена Петрушева – психолог
Елисавета Карастојанова – дефектолог

ИЗВЕШТАЈОТ Е РАЗГЛЕДАН НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 13.08.2025 год.
УЧИЛИШЕН ОДБОР НА 13.08.2025 год.

| | |
|---|---|
| Претседател на Училишен одбор: | Директор |
| ___________________ | ___________________ |
| Павлинка Карапуцева | Атанас Нанчев |

## **Прилог1:Извештај за реализирани натпревари во учебната 2024/2025 година.**

| **Датум на оддржувањ е** | **Организатор** | **Натпревар /конкурс** | **Учесници** | **Ментор** | **Освоена награда** |
|---|---|---|---|---|---|
| 15.09.2024 | Армаганка – Унија на математичари | Четврта мала македонска математичка Олимпијада | Катја Гогова и Коста Попристовск и–ученици во Va одд. | Соња Лазарова | Освоени златни медали |
| 10.10.2024 | Општина Богданци | Учество во спортски активности по повод Денот на ослободувањет о на Богдаци – 10 Октомври | Ученици од VIII и IX одделение | Сашко ПетрушевТо ме Попов Тодор Анчев | Наградени ученици: 2м.Максим Ангов Via женски: |
| 25.10.2024 | Богданци | Општински натпревар во фудбал – машки | Ученици од VIII и IX одделение Екипа – машки | Сашко Петрушев | 2 место |
| 28.10.2023 | Богданци | Општински натпревар во кошарка и ракомет- машки | Ученици од VIII и IX одделение | Сашко Петрушев | 1 место |
| 28.10.2024 | Богданци | Општински натпревар во ракомет икошарка – женски | Ученици од VIII и IX одделение | Сашко Петрушев | 1 место |
| 01.11.2024 | Валандово | Меѓуопштинск и натпревар во кошарка – машки | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 1 место |
| 01.11.2024 | Валандово | Меѓуопштинск и натпревар во кошарка – женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место |
| 01.11.2024 | Валандово | Меѓуопштинск и натпревар во ракомет–машки | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 1 место |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 01.11.2024 | Валандово | Меѓуопштинск и натпревар во ракомет – женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место |
| 20.11.2024 | Богданци – Спортска сала | Зонски турнир во ракомет | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место Пласман на Регионален турнир |
| 27.11.2024 | Гевгелија | Зонски турнир во ракомет | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 2 место |
| 11.12.2024 | Гевгелија | Зонски натпревар во кошарка | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 2 место |
| 18.12.2024 | ООУ„Петар Мусев“-Богданци | Училишен натпревар по математика за IV одд. | Ученици одIV одд. | Милица Данаилова Наталија Манолева | I награда – Викторија Чочкова I награда – Ристе Ѓавочанов<br>II награда – Пешков Кристијан<br>II награда – Андреа Узунова<br>II награда – Виолета МладеновскаII награда –Катја Туранова<br>II награда Нина Џицева<br>III награда – Анастасија Туранова |
| 23.12.2024 | Сојуз на математичари на Македонија и ПМФ | Манифестација за популаризација на природните науки „Ноември – месец на науката“ | 11 ученици од II – VI одделение | Адријана Тодорова Марија Петрушева Кристина Каракабакова | Сузана Петрушева - прва награда Ивона Данаилова - прва награда Максим Ангов-прва награда |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28.12.2024 | Сојуз нза математичари на Македонија | Онлајн натпревар по математика „Новогодишен електронски натпревар по математика“ | Илија Чавдаров – Iia | Ангелина Арнаудова Каракабаков | I награда – Илија Чавдаров – IIа |
| 28.12.2024 | Ресен | Републички натпревар во шах | Коста Попристовски – Viв | Томе Попов | Учество Коста Попристовски – VIв |
| 31.01.2025 | ООУ„Петар Мусев“-Богданци | Општински натпревар по математика | Ученици од V-IX одд. | Адријана Тодорова Марија Петрушева Лила Станчева Ванга Ванчева Милица Вангелова Наталија Манолева | I награда – Коста Попристовски VIв II награда – Благоја Стојчев II награда – Катја Гогова III награда – Максим Ангов VIв III награда – Кристијан Пешков IVа III награда – Петар Ѓорбашлиев VIIа III награда – Ивона Данаилова VI III награда – Миле Живковиќ VIIIа III награда – Ивана Прошева VIIIб Пофалени: Андреј Милосавлевиќ VIIа Катја Туранова IVб, Верица Енџекчева Vб Александра Каркалашева VIIа Ристе Ѓавочанов IVб Викторија Чочкова IVа |
| 07.02.2025 | ООУ„Петар Мусев“- | Општински натпревар | Ученици од VIII и IX | Адријана Тодорова | Учениците Пене Енџекчев , Верица Петкова и Мелита |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Богданци | пофизика | одд. | | Бурмузоска се пласираа на Регионален натпревар |
| 12.02.2025 | ООУ„Петар Мусев“-Богданци | Училишен натпревар по англиски јазик | Ученици од V – IX одд. | Томида Окова Попова Оливера Прочкова Узунова Николинка Ќамилова | Vодд.<br>1 место – Катја Поп Ристова<br>2 место – Кристина Тодорова<br>2 место – Сара Станчева<br>3 место – Костадин Минев<br>VI одд.<br>1 место - Катја Гогова<br>2 место – Коста Попристовски<br>3 место – Ивона Данаилова<br>VII одд.<br>1 место - Бојана Дупјачанец<br>2 место – Теодора Шутарова<br>2 место – Јован Чавдарв<br>2 место – Љубица Караиванова<br>2 место – Ана Шутарова<br>VIII одд.<br>1 место - Филип Гогов VIIIа<br>2 место – Јована Дронова VIIIа |
| 14.02.2025 | ООУ„Петар Мусев“-Богданци | Општински натпревар по биологија за учениците од VII – VIII одд. | Ученици од VII – IX одд. | Фиданка Енцекчева | II награда –Пене Енцекчев IXв<br>III награда – Верица Петкова IXа<br>III награда – Ана Шутарова VIIIб |
| 21.02.2025 | ООУ„Петар Мусев“- | Општински натпревар по | Ученици од VIII и IX | Фиданка | I награда – Ива Шапкарова IXб |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Богданци | хемија (онлајн) | одд. | Енџекчева | II награда – Пене Енџекчев IXв пласман на Регионален натпревар |
| 22.02.2025 | ООУ„Петар Мусев“-Богданци | Општински натпревар по географија (онлајн) | Ученици од IX одд. | Дитка Дронова | 1 место – Ива Шапкарова IXб |
| 24.02.2025 | СОУ „Богданци“-Богданци | Ликовен конкурс на тема „По нашите стапки чекориме“ и Мојата порака низ времето“ | Ученици од VI – IX одд. | Перо Танчев | II награда – Рената Андонова VIб одд. |
| 06.03.2025 | ООУ„Петар Мусев“-Богданци | Меѓународен натпревар по англиски јазик – Hippo-English vithout borders | Ученици од IV-IX одд. | Томида Окова Попова Оливера Прочкова Узунова Николинка Ќамилова | Учениците;Катја Гогова Коста Попристовски Снежана Ѓоргиевска Јана Дупјачанец Ристе Ѓавочанов се пласираа на Државен натпревар |
| 15.03.2025 | ООУ„Владо Кантарџиев“-Гевгелија | Општински натпревар по англиски јазик | Ученици од IV-IX одд. | Томида Окова Попова Оливера Прочкова Узунова Николинка Ќамилова | 2 место –Катја Гогова VIв<br>3 место - Бојана Дупјачанец VIIб<br>3 место - Филип Гогов VIIIа<br>Пласман на Регионален натпревар |
| 15.03.2025 | Сојуз на математичари на Македонија одржан во ООУ„Страшо Пинџур“ – Јосифово | Регионален натпревар по математика | Ученици од IV-IX одд. | Адријана Тодорова Марија Петрушева Лила Станчева Милица Вангелова Наталија | IIнаграда – Коста Попристовски VIв<br>III награда – Катја Гогова VIв<br>Пофалени – Кристијан Пешков IVа и Петар Ѓорбашлиев VIIа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Манолева | |
| 24.03.2025 | ООУ„Петар Мусев“-Богданци | Училишен натпревар по македонски јазик | Ученици од VI – IX одд. | Катерина Чрчева Софија Петрушева | VI одд.<br>I награда – Катја Гогова<br>II награда – Коста Попристовски<br>III награда – Ања Алиевиќ<br>VII одд.<br>I награда – Јован Чавдаров<br>II награда –Ана Шутарова<br>III награда – Александра Каркалашева<br>VIII одд.<br>I награда– Матеа Стратрова II награда- Јоана Мачукова<br>Марија Пилитова<br>IX одд.<br>I награда Аника Чавдарова<br>II награда – Верица Петкова |
| 27.03.2025 | ООУ„Петар Мусев“-Богданци | Регионален натпревар по биологија (онлајн) | Ученици од IX одд. | Фиданка Енцекчева | I награда – Пене Енцекчев IXв - Верица Петкова IXа<br>III награда – Ана Шутарова |
| 01.04.2025 | Македонска банкарска асоцијација | Онлајн натпревар „Европски квиз на парите“ | Ученици од IX одд. | Јованка Прошева | Учесници: Ива Шапкарова IXб, Пене Енцекчев IXв, Катерина Милчова IXв, Стефанија Стоиловска IXв |
| 05.04.2025 | ООУ„ Ристо Шуклев“-Негорци | Регионален натпревар по географија | Ученици од IX одд. | Дитка Дронова | 1 место – Ива Шапкарова IXб Пласман на Државен натпревар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 05.04.2025 | СОУ„Јане Сандански“ – Струмица | Регионален натпревар по физика | Ученици од IX одд. | Адријана Тодорова | Учесници: Пене Енџекчев IXв, Верица Петкова IXа и Мелита Бурмузоска IXв |
| 11.04.2025 | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Државно финале од Меѓунаоден натпревар по англиски јазик HIPPO English Language Olimpiade | Ученици од IV – IX одд | Томида Окова Попова Оливера Прочкова Николинка Ќамилова | Учесници: Ристе Ѓавочанов Катја Гогова Коста Попристовски Јана Дупјачанец Снежана Ѓоргиевска IX |
| 12.04.2025 | Сојуз на хемичари и технолози на Македонија | Регионален натпревар по хемија | Ученици од IX одд | Фиданка Енџекчева | Пласман на Државен натпревар I награда – Ива Шапкарова IXб и II награда – Пене Енџекчев IXв |
| 12.04.2025 | ООУ„Владо Кантарџиев“-Гевгелија | Регионален натпревар по англиски јазик | Ученици од VI – IX одд. | Томида Окова Попова Оливера Прочкова Узунова Николинка Ќамилова | Учесници: Бојана Дупјачанец VIIб и Филип ГоговVIIIа |
| 13.04. 2025 | ООУ„Петар Мусев“-Богданци | Конкурс за математичка приказни 2025 | Ученици од I – IX одд. | Милица Данаилова Стефана Демерџиева Соња Лазарова Наталија Манолева Лила Станчева | Гран – при – Андреа Узунова IVа<br>1 место – Теодора Стамнова Матх IIIа<br>1 место – Бранко Тодоров Iа<br>1 место – Ања Стратрова Iа<br>2 место – Стефанија Стојанова IIIа<br>3 место – Данчо Паунков IVб<br>3 место – Дионис Стратров IIIа<br>3 место – |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Александра Маркова Vб |
| 26.04.2025 | ООУ„Гоце Делчев“ – Неготино | Регионален натпревар по македонски јазик | | Катерина Чрчева Софија Петрушева | Ученици од VI – IX одд.<br>2 место – Катја Гогова VIв<br>3 место - Коста Попристовски VIв<br>3 место - Верица Петкова IXа<br>3 место - Аника Чавдарова IXб |
| 25.04.2025 | ООУ„Крсте Мисирков“ – Гевгелија | Меморијален турнир во кошарка во чест на Димитар Туртуров – Мите Тути | Ученички од VIII одделение | Сашко Петрушев | Учесници: Јована Дронова и Михаела Карајкова |
| 03.05.2025 | ПМФ – Скопје | Државен натпревар по математика | Ученици од VI одд. | Марија Петрушева | III награда –Катја Гогова VIв<br>Пофалница – Коста Попристовски VIв |
| 10.05.2025 | ПМФ – Скопје | Државен натпревар по географија | Ученици од IX одд | Дитка Дронова | 3 место - Ива Шапкарова IXб |
| 17.05.2025 | Во рамки на манифестацијата „Денови на поезијата“- Скопје | Државен рецитаторски натпревар | | Катерина Чрчева | 3 место - Ања Алиевиќ VIб |
| 31.05.2025 | Сојуз на биолози на Македонија | Државен натпревар по биологија | Ученици од IX одд | Фиданка Енџекчева | 1 место -Пене Енџекчев IXв |
| 31.05.2025 | Филолошки факултет „Блаже Конески’- Скопје | Државен натпревар по македонски јазик | Ученици од VI – IX одд. | Катерина Чрчева Софија Петрушева | I награда –Катја Гогова VIв<br>II награда – Коста Попристовски VIв III награда – Аника Чавдарова IXб |
| | | Активно учество во | Ученици од | Катерина Чрчева | Рецитирање и глума: Верица |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | драмско – рецитаторска секција | IX одд | Софија Петрушева | Петкова, Аника Чавдарова, Лидија Стратрова, Георгина Енџекчева, Бојана Костиќ, Снежана Георгиева, Симона Јакимова, Рената Тренчевска, Марија Шапкарова, Јована Ефтимова,Бојана Станковиќ, Мила Јакимовска, Катерина Милчова, Стефанија Стоиловска, Пене Енџекчев,Стефан Пелтековски, Стефан Станојски, Иван Петров<br><br>Техничка поддршка во драмско – рецитаторска секција: Ива Шапкарова, Драган Петрушев, Анастасија Шапкарова |
| | | Активно учество во оркестар | Ученици од IX одд | Здравко Иљачев | Андреј Данилов IX |

## Прилог 2: Извештај за реализирани екскурзии

**Извештај од тридневната екскурзија**

Изведувач на тридневната ученичка екскурзија беше туристичката агенција „Дори“ од Гевгелија. На екскурзијата учествуваа вкупно 40 ученици, во придружба на своите одделенски раководители – Невенка Тодоровска, Сашко Петрушев и Дитка Дронова, како и водич од агенцијата и лекар.

Екскурзијата започна во 7:00 часот од автобуската станица во Богданци, со прва дестинација – Крушево. За време на патувањето, учениците имаа можност да го набљудуваат релјефот на нашата

земја – планини, котлини и речни долини – и преку директно запознавање со природните обележја, го проширија своето знаење по географија. Имаа можност да поставуваат прашања и да добијат одговори од наставниците и водичот.

По пристигнувањето во Крушево, беа посетени Спомен-куќата на Тоше Проески и споменикот „Македониум“. Преку оваа посета, учениците се запознаа со историјата и културното наследство на нашата земја, со што ги надградија своите знаења по историја и уметност.(овде поради непознати причини од страна на директорот на училиштето и агенцијата планираниот ручек за учениците беше изоставен).

Патувањето продолжи кон Струга и Вевчани. Поради лошите временски услови, посетите на овие места се реализираа како панорамски разглед со автобус, без теренска прошетка.

Во вечерните часови групата пристигна во Охрид и се смести во хотел. Следуваа вечера и ноќевање.

На вториот ден, по појадокот, учениците ги посетија Билјанините Извори, Заливот на Коските и манастирскиот комплекс Св. Наум, каде што имаа можност да уживаат во природната убавина и да се запознаат со културното наследство. По ручекот во хотелот, следуваше посета на Античкиот театар, Самоиловата тврдина, црквата Св. Јован Канео и археолошкиот локалитет Плаошник. Денот заврши со слободно време за прошетка низ градот и разглед на старата архитектура. По враќањето во хотелот следуваа вечера и ноќевање.

Третиот ден по појадокот во хотелот започна со посета на Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“, каде учениците се запознаа со духовната и архитектонска историја на манастирот. По патот, повторно имаа можност да го разгледуваат релјефот – планините и долината на реката Радика – и да направат споредба со претходно видените региони.

Следна дестинација беше главниот град – Скопје. Таму учениците ручаа и ги посетија Музејот на македонската национална борба и Музејот на Холокаустот. Преку Камениот мост се упатија кон плоштад Македонија, каде што разгледаа бројни споменици и архитектонски обележја, продлабочувајќи го своето познавање по историја и уметност.

Во попладневните часови групата тргна назад кон Богданци, каде пристигнаа во доцните попладневни часови.

За време на целата екскурзија учениците се однесуваа примерно. Покрај едукативниот карактер, екскурзијата беше и можност за меѓусебно дружење, фотографирање и создавање убави спомени.

Извештај од тридневна ученичка екскурзија

Организатор: Туристичка агенција „Дори“ – Гевгелија

Период на реализација: [датум]

Место на поаѓање: Богданци

I. Општи податоци

- Број на ученици: 40
- Одговорни наставници: Невенка Тодоровска, Сашко Петрушев, Дитка Дронова
- Придружба: туристички водич и лекар

II. Маршрута и активности

(со кратко наведен тек по денови, како што го средив погоре)

III. Образовни и воспитни цели

(географија, историја, културно наследство, однесување)

IV. Заклучок

Учениците покажаа одговорност, интерес за учење и меѓусебна соработка. Екскурзијата успешно ги исполни своите едукативни и воспитни цели.

**Извештај од реализација на еднодневна екскурзија за Скопје во трето одделение**

На ден 30.04.2025 се реализира еднодневна екскурзија за Скопје. Екскурзијата се реализира со 42 ученика од ООУ„ Петар Мусев “ – Богданци. Изведувач на еднодневната екскурзија беше туристичката агенција „Дори“ од Гевгелија. Со учениците беа нивните одделенски раководители , како и водич од агенцијата и лекар. Тргнувањето беше во 7.30 часот од автобуската станица - Богданци . Се упативме кон Скопје. По пат учениците разгледуваа и се запознаваа со Стоби стара градба . Потоа следеше посета на Меѓународен Аеродром Скопје(воздушен сообраќај). Посета на Скопско Кале стара градба и панорамски разглед на градот .Прошетка низ центарот на Скопје ,споменици и спомен куќата на Мајка Тереза(жена , хуманитарка , светица), Гробот на Гоце Делчев , (револуционер). По посетата на знаменитостите учениците се упатија на ручек , а после ручекот следеше посета на Зоолошка градина. Со ова разгледување учениците ги проширија своите знаења по општество и имаа можност да поставуваат прашања кои ги интересираат. Во попладневните часови се упативме назад кон Богданци и стигнавме околу 20 : 00 часот.

Одговорни наставници :

Одд. Наставник : Стефана Демерџиева , Кристина Каракабакова и Ирена Попова

**Извештај од тридневната настава во природа со учениците од V одделение изведена на 7, 8 и 9 мај 2025 година**

1. **Воспитно – образовни цели и задачи**
   - Учениците стекнаа нови знаења;
   - Се запознаа со природните убавини кои нè опкружуваат, како и градење еколошки навики;
   - Се запознаа со културно – историските знаменитости, а преку самото тоа градат чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
   - Се запознаа со стопанско – економските карактеристики на Република Македонија и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на Републиката.

Учениците подобро меѓусебно се запознаа, се продлабочи другарството и се надминаа социјалните и националните разлики.

Се развиваше и негуваше индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста.

Развијаа смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

2. **Содржини и активности**

.

- Ден 1 – Охрид: .Самуиловата тврдина, Плаошник, Канео, црквата Св. Софија, чаршијата во Охрид.
- Ден 2 –Коските на заливот,Билјанини извори,Св.Наум, изворот на Црни Дрим.Струга: имавме разглед на Мостот на поезијата и чаршијата. Бевме и во посета на куќата на браќата Миладиновци и природно-научниот музеј. Потоа се упативме кон Вевчанските извори.градот Битола.
- Ден 3-Крушево:Спомен куќата на Тоше Проески,Споменикот Македониум и се упативме во Прилеп кон Споменикот Могила на непобедените.

3. **Присуство**

- Учениците од V одделение
- Одделенски раководители

4. **Времетраење**

- 3 дена со две ноќевања

5. **Локации за посета и правци на движење**

Се тргна во 7 и 30 часот од автобуската станица во Богданци. Попатно го видовме локалитетот Стоби и се упативме кон Охрид. Го разгледавме градот Охрид со неговите знаменитости; Самуиловата тврдина, Плаошник, Канео, црквта Св.Софија, и се прошетавме во чаршијата во Охрид.Стигнавме во хотелот ‘’Амбасадор’’ за вечера.

Вториот ден по појадокот ги посетивме Билјанините Извори,Музејот -Заливот на коските и се упативме кон Св.Наум.Тука го видовме изворот на реката Црн Дрим. Потоа се вративме во хотелот на ручек. После ручекот ги посетивме Вевчанските извори,Природно научниот музеј во Струга и Мостот на поезијата ,се просетавме во чаршијата на Сруга.Се вративме во хотелот и се одржаа часовите во просторија опремена за одржување на настава. Следеше вечера, мала забава за учениците и ноќевање.

Третиот ден после доручекот се упативме кон градот Крушево. Тамуја посетивме Спомен куќата на Тоше Проески и споменикот Македониум.Продолживме кон Прилеп и го посетивме споменикот Могила на непобедените. Во попладневните часови се вративме во Богданци. Предвидената програма со местата за посета и одржаните часови беше целосно реализирана.

6. **Техничка организација** – Туристичката агенција ТА „Дори“ од Гевгелија беше избрана за реализација на екскурзијата од страна на родителите по спроведена постапка за прибирање понуди за организирање екскурзиии настава во природа. Чинеше 6100 денари.
7. **Начин на финансирање** – Од страна на родителите.

**Одделенски раководители:** Ванга Ванчева, Лила Станчева

**Директор:** Атанас Нанчев

**Извештај за дводневна екскурзија за шесто одделение реализирана на 8 и 9 мај 2025 година**

Групата составена од 47 ученици, тројца класни раководители, лекар, водач и секако возач, тргна од центарот на Богданци и се упати кон Колешинските водопади, каде учениците од страна на водачот беа запознаени со некои основни податоци за водопадите: дека се наоѓаат на надморска височина од 500 метри, во долниот тек на реката Баба и дека овие водопади се вбројуваат во највисоките во Р.С. Македонија со висински пад од 15 m. Потоа групата се упати кон посета на манастирите Св.Елонтие во Водоча, кој претставува средновековен православен манастир, како и манастирот Света Богородица во Вељуса , каде учениците воедно имаа можност да се запознаат со историјата на овие прекрасни два манастири. Потоа преку планината Огражден групата пристигна во градот Берово, во посета на Беровското Езеро. Од Берово, патот не' однесе во Виница, во посета на музејот на Теракота во центарот на градот каде од присутниот етнолог учениците, па и наставниците научија нешто повеќе за ископините во околината на Виница, а од таму групата се упати и во посета на Виничкото Кале. Од Виница групата се упати кон Крива Паланка и се смести во хотелот на манастирот Св.Јоаким Осоговски, каде вечеравме.Вториот ден после доручек го посетивме манастирот Св.Јоаким Осоговски. Од таму се упативме кон Кратово, во посета на Радиниот мост, кој е од историско значење и е отпеан во многу народни песни. После Кратово се упативме кон Злетово на ручек , а уште поважно и во посета на манастирот св. Гаврил Лесновски. Потоа, кон Штип во посета на локалитетот и стар град Баргала, каде учениците имаа можност да научат нешто повеќе за древниот град Баргала кој е оддалечен 12 km од Штип. После оваа посета, на учениците им беше овозможено да го посетат Сити Мол во Штип. Се вративме во Богданци во доцните попладневни часови.

Одделенски наставници: Катерина Чрчева, Елеонора Трајкова, Марија Петрушева

## Прилог 3: Годишен извештај за работата на Инклузивниот Тим во ООУ „ Петар Мусев“ Богданци во учебната 2024/25 година

ООУ„ Петар Мусев“ Богданци има Инклузивен Тим кој според Законот за основно образование е составен од директор, наставници (одделенски и предметни), стручните

соработници (спец.едукатор, педагог) и родители на учениците со посебни образовни потреби. Истиот работи по Годишна програма која во себе ги содржи целите, активностите, времето на реализација и очекуваните резултати.

Во месец **август - септември**се подготви глобалното и месечно оперативното планирање на Инклузивниот тим за учебната 2024/25 година, според Водичот за работа на Инклузивните тимови, ревидиран и одобрен од МОН и БРО во 2020г. Инклузивниот тим ги идентификува учениците си ПОП  при што како техники и инструменти беа искористени систематска опсервација, разговор со наставниот кадар, разговор со учениците и со родителите. Систематска опсервација се изврши кај ученици кои се запишани во прво одделение. Интервјуата и разговорите со родителите се водени преку состаноци, по телефон и со документација. Со оваа цел навремено беа идентификувани и детектирани ученците кои имаат потреба од помош и поддршка во текот на учебната година.Во истиот месец се започна координација за изготвување на ИОПи за учениците со ПОП, односно консултации со наставниот кадар и родителите за утврдување на потребата од поддршка.

Во месец **октомври** Учениците со ПОП беа проценувани од страна на тимот за функционалните способности, како и за индивидуалните состојби (физички, когнитивни, емоционални). Во месец октомври исто така се започна со изработката на Среднорочните планирања по ИОП, адаптација и модификација на содржини од наставата. Се одржаа состаноци со Инклузивните тимови за ученик.

Во месец **ноември – декември** се работеше на инструктивна и консултативна поддршка на наставниците каде се вклучени учениците со ПОП, со развивање на методи и техники на работа кои одговараат на способностите и капацитетите на овие ученици. Се градеа интензивно стратегии за учење на учениците со ПОП. Воедно се работеше на поинтензивно вклучување на учениците во наставата во групи и парови како форми на настава. Се направи посета на часови за увид во работата по ИОП кај наставници кои имаат инклудирано ученици со ПОП во нивното одделение.

Во месец **јануари** се изготви полугодишниот извештај за работата на Училишниот Инклузивен Тим. Во истиот месец се направи ревизија и евалуација на долгорочните цели во ИОПите на учениците со ПОП. Кај наставниците кои немаа изработено среднорочни планирања за второ полугодие, се пристапи кон изработка и адаптирање на темите и активностите.

Во месец **февруари – март**училиштето се подготвуваше и учествуваше во низа работилници за запознавање со видови попречености за ученици од прво до петто одделение. Во месец март, согласно правилникот се побараа асистенти за учениците од второ до деветто одделение, за кои има препорака од Стручно тело, по МКФ.

Во месец **април**дел од Инклузивниот Тимработеше на повторна адаптација на учениците со ПОП во нови услови на работење, во СОУ „Богданци“. Исто така се уредуваше простор кој ќе служи на членовите од тимот за работа со уечниците со ПОП

Во месец **Мај - Јуни** Дел од Инклузивниот тим учествува во уписот на првачињата во мај, со солидни иснструменти за следење на однесувањето и развојот на децата. Во месец јуни се направи и евалуација на постигањата на учениците по ИОП, како и оценување на истите пригодно по ИОП.

**Тековно** низ првото полугодие се поддржуваа учениците со ПОП во учењето, во справување со негативни и стресни ситуации. Се изработуваа инструменти за проценаи се организираа посети на час кога беше планирано.

Се приспособуваа наставните содржини за учениците со ПОП, како и адаптацијата на тестовите, наставните ливчиња и писмените работи. Тековно постоеше следење на напредокот на учениците и нивното однесување.

За наставниците беше овозможена постојана поддршка при планирањето на наставата и реализацијата на истата, како и создавање на стимулативна средина за учење. Понудени се концептуални документи кои им се од значење во изведување на наставата по инклузивна клима.

ИТ соработуваше со родителите на учениците со ПОП, давајќи им насоки за подобро прифаќање на ситуациите, споделување на информации важни за состојбата на ученикот, како и за нивните права, бенефиции и обврски. Се реализираа индивидуални консултации со семејствата на учениците со ПОП.

Соработката со локалната заедница продолжува со промовирање и информирање на истата за работата на училиштето, воедно соработката со стручните институции и организации продолжи со активности за соработка со стручни лица од регионот, граѓански здруженија и невладини организации.

Инклузивниот тим продолжува со градење и одржување на инклузивната клима во училиштето за подобро прифаќање на учениците со ПОП, учество во социјалните и хуманитарните активности на училиштето и локалната средина.

Координатор УИТ

Елисавета Карастојанова